## за управување со комунален и друг вид на неопасен отпад (2014-2016)

**Вовед**

Програмата за управување со комуналниот и другите видови на неопасен отпад претставува плански документ произлезен од законските и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за управување со отпад. Истата е во согласност со Планот за управување со отпад на територија на општина Битола, како и со Програмата за управување со комунален и друг вид на неопасен отпад на територијата на Општина Битола.

Со програмата се дефинира постапувањето со комуналниот и другите видови на неопасен отпад на територијата на општина Битола. Програмата го определува и планира начинот, обемот и динамиката на собирањето, транспортирањето и депонирањето на отпадот, процесите на селектирање, третман и складирање на отпадот, надзорот над овие операции како и мерките за заштита на животна средина, животот и здравјето на луѓето.

Програмата се однесува за период од 3 години од 2014-2017 фодина и се однесува на активностите и дејностите при управувањето со отпадот кои се извршуваат на подрачјето на територијата на градот Битола и селата опфатени со услугата. Во Програмата наведени се видот и количините на отпад, наведени се планирани техничко – технолошки и организациски мерки за подобрување на процесот на управување со отпадот како и рокови и фази на реализација на истите. Програмата содржи мерки за заштита на штетното влијание на отпад врз луѓето, како и планирани активности за едукација и обука на кадарот кој управува со отпадот.

На крајот на Програмата даден е акционен план за реализација на предвидените мерки преку активност и предмет на основата со превидено време на неговата реализација.

**1. Постојано ниво на создавање на отпад, по видови, количини и извори на создавање и предвидување на видот и количеството на отпад што се создава за наредната година**

Од анализите направени од страна на ЈП Комуналец Битола, кое врши собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на територијата на општина Битола, комуналниот отпад е еден од основните текови на отпад што се создаваат. Составен е од отпад од домаќинства, комерцијален отпад и отпад создаден од индустријата со карактер сличен на отпадот од домаќинствата. Како посебна категорија на отпад претставува селективно собраната отпадна хартија и отпадна пластика (PET).

Врз основа на анализите направени од страна на ЈП Комуналец Битола на територијата на општина Битола во 2013 година собрани се 571,364 тони отпад неделно, односно околу 29710 тони отпад годишно.

Од вкупните колични собран отпад 25759,44 тони/год. е комунален отпад собран од физички лица, додека 3951,48 тони/год е комерцијален и индустриски неопасен отпад.

Од градот Битола собрани се 23486 тони/год. комунален отпад, додека од рурални средини собрани се 2273,44 тони/год комунален отпад.

За наредната година се предвидува да се соберат приближно истите количини на комунален отпад, односно околу 29750 тони/год. Во случај на проширување на дејноста за собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад од нови 5 селски средини дополнително ќе се соберат уште 5% комунален отпад.

Од селективниот процес на собирање на отпадна хартија до октомври 2013 година собрани се 205,5 тони отпадна хартија. До крајот на годината се очекува да бидат собрани околу 265 тони отпадна хартија. За наредната година се предвидува зголемување на количините на собрана хартија од 5%.

Количините на собрана пластика се минорни поради проблемот со дивите нелегални собирачи на PET пластиката.

**2. Постојани и планирани технички, организациски и други мерки за избегнување и за намалување на создавањето на отпад и намалување на штетноста на отпадот**

Системските технички и организациски мерки се состојат од различни проекти во различни фази на реализација. ЈП Комуналец како носител на активностите за управување со отпад своите проектни активности ги насочува во следните насоки:

- Изработка на техничка и институционална документација за подобрување на системот за собирање и транспортирање на отпадот и постепено проширување на системот како во процесот на собирање и транспортирање, така и во процеси за селективно собирање на отпадот пред се хартијата и пластиката (PET);
- Почитување на приоритетите за управување со отпадот и начелото на блискост, односно избегнување на создавање на големи количини на отпад, преработка на отпадот по можност на местото каде се создава по пат на рециклирање или повторна употреба, користење како извор на енергија и сл.;
- Управување со посебни текови на отпад (гломазен отпад, градежен шут, пакување и отпад од пакување, стари гуми, употребени масла, отпадна електрична и електронска опрема) со воспоставување на усогласена организациона шема за постапување со таков вид на отпад на целокупната територија на општината;
- Воспоставување на интегрирана мрежа за отстранување на отпадот.

Предвидените мерки за намалување на количините на создаден отпад мора да ги разгледаат различнте опции за избегнување на количините на отпад, намалувањето на неговиот потенцијал за опасност и намалувањена количината на отпад на неговиот извор и искористување на неговата енергетска содржина се со цел заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

**3. Податоци за постојани и планирани организациско –технички капацитети**

ЈП Комуналец поседува капацитет за механички третман на хартија и пластика и капацитет за депонирање на отпад.

Механички третман на отпад се врши само на хартија и картон. За таа цел се користат две хидраулични преси за пресовање. Просечното дневно балирање на хартијата изнесува околу 800 кг. Пресованата хартија се предава на понатамошен третман на правни лица.

Капацитет за депонирање на отпадот претставува депонијата Меглеци. На депонијата се врши депонирање на комунален отпад по површинска метода, а дадената локација располага со доволно подрачје за погон на истата за пероид од 15 и повеќе години. Депонијата е опслужена со сета потребна механизација. На депонијата се врши комплетно евидентирање на депонираните количини на отпад. Просечните неделни количини на депониран отпад изнесуваат околу 575 тони. За работа на истата изработен е **План и програма за депонирање на комунален отпад во депонија Мегленци (2008-2013) и Програма за работа на депонијата Мегленци (2010-2013).**

Во моментот капацитетот за механички третман на отпадот и капацитетот на депонирање на отпадот ги задоволува дадените потреби.

Идните планирани организациско – технички капацитети за преработка, третман и финално депонирање на отпадот ќе се движат во насока на регионално управување со комуналниот отпад. Регионалниот интегрален систем за управување со отпадот ќе практикува собирање на поединечни фракции на отпад, ќе применува соодветни техники на собирање и претовар на отпад, а собирањето и транспортот ќе се приспособат на количествата на отпад создадени во одделни територии, проектирани со помош на логистички шеми и економски анализи.

Мерките ќе се состојат од бројни фази на планирање и стекнување на потребните услови за проектот, изработката на проектната и инвестиционата документација, обезбедување на потребната согласност, добивање на потребните дозволи и затворање на финансиската конструкција.

Приоритени капацитети за управување со отпадот во наредните 3 години е реализација на **Проект за изградбата на претоварна станица** и реализација на **Проект за сува рециклажа на отпад.**

**4. Постојани и планирани технички, организациски и други мерки за постапување со отпадот (селектирање, третман, преработка, искористување на енергијата, складирање и отстранување)**

Планираните технички и организациски мерки за постапување со комуналниот отпад се спроведуваат во согласност со основните начелата и правилата за постапување со отпадот наведени во законот за управување со отпад.

Постапувањето со отпадот ЈП Комуналец го изведува со должно внимание и на начин со кое се избегнува загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето, загадување на водата, почвата и воздухот и создавање на бучава.

Постојаните и планираните мерки во процесот на постапување со отпадот се:

- Избегнување на создавање на големи количини на отпад;
- Отпадот првенствено да биде преработен на местото на неговото создавање;
- Преработката на отпадот да се врши по пат на рециклирање, повторна употреба или во друг процес на екстракција на секундарни суровини;
- Селектирање на отпадот, класифицирање на истиот според Листата на видови на отпад и утврдување на неговите карактеристики;
- Почитување на универзалноста на услугата обезбедена преку одржливост на услугата, квалитет и ефикасност, транспарентност, целосно покривање на областа на извршување на услугата;
- Безбедно собирање и транспортирање на отпадот од местото на неговото настанување до местото на неговото предавање;
- Транспортирање на отпадот со специјални возила наменети за транспорт на отпад;
- При преработка на отпад преработката да се врши без примена на процеси и методи кои ја загрозуваат животната средина;
- Економски прифатлива цена за извршената услуга;
- Почитување на налчелото "загадувачот плаќа";

Заради успешна реализација на предвидените мерки ЈП Комуналец во согласност со динамиката за работа дополнително ќе постави специјализирани садови за селективно собирање на отпадот во колективните стамбени објекти, ќе отпочни реализација на пилот проект за примарна селекција на отпадот во индивидуални домаќинства со собирање на сув и воден отпад, ќе изврши замена на дел од хаварисираните садови од 1,1$м^3$ и ќе отпочни реализација на проект за изградба на двор за рециклирање. Истиот ќе претсатавува капацитет за механички предтретман на отпадот и ќе има генерална функција за прочистување на собраните фракции на отпад со цел постигнување на бараниот квалитет според стандардите за рециклирање.

**5. Мерки за заштита од штетното влијание на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето**

Законодавните, институционалните, организациските и економските мерки за заштита на животната средина, поврзани со комуникацијата на јавноста, претставуваат значајна основа за воспоставување и функционирање на мрежата на техничките капацитети за управување со отпад. Сите мерки можат да дадат позитивен ефект на различните медиуми на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Основен предуслов за ефикасен систем на управување со отпад е воспоставување на мерка за примарна селекција на отпадот преку законска регулатива. Истата треба да е дополнета со секундарна законска регулатива (правилници, уредби, подзаконски акти, методологии) која е задолжителна, што ќе овозможи целосно воспоставување на правен поредок на целокупната област.

Институционалните и организациските мерки се состојат главно од воспоставување на организациона стуктура во јавното претпријатие со назначени одговорни лица, со поделени задачи, зајакнување на човечките и оперативните капацитети со цел успешна реализација на предвидените задачи. Институционалната организација на сите нивоа ќе ги синхронизира сите мерки и активности од заокружувањето на законските мерки преку оперативни задачи.

Економските мерки за заштита на животната средина се однесуваат на промовирање на развој за искористување на материјалната и енергетската ефикасност на определени фракции на отпадот. Глава цел на економските и финасиските мерки е да се промени однесувањето на сите инволвирани субјекти во управувањето со тековите на отпадот со воспоставување на економски инструменти кои се однесуваат на:

- Намалување на количните создаден отпад;
- Поттикнување на искористување, повторна употреба и рециклажа на отпадот;
- Намалување на уделот на опасниот отпад во создадениот отпад;
- Минимализирање на негативните влијанија врз животната средина поврзани со системите за собирање, транспорт, третман и отстранување на цврстиот отпад;
- Создавање приходи за покривање на трошоците.

**6. Планирани активности за едукација и за обука на кадарот што управува со отпадот**

Извршувањето на сите комплексни задачи за управување со отпад ја наметнува потребата за обучен кадар на сите нивоа. Целокупниот кадар ќе поседува дополнителни курсеви и обуки испланирани според специфичноста на работата. Сите професионални групи вклучени во процесот на управување со отпадот како и операторите на инсталациите ќе го надградуваат своето техничко и технолошко знаење со познавање на националната законска регулатива и регулативата на ЕУ, програмите и правилата, како и економско-финансиските прашања и последици.

На едукативните курсеви и обуки вработените за управување со комуналниот цврст отпад ќе се запознаваат главно со општите политики, законските прашања поврзани со свеста на јавноста, организациски, технички, просторни, логистичкии економско финансиски теми и теми поврзани со посебни задачи, особено со координација на развојот и унапредувањето со отпадот и инвестиционите проекти и со обезбедување на финансиски средства.

Лицата поврзани со процесот на финално депонирање на отпадот ќе посетуваат едукативни курсеви и обуки за прописите и стандардите за генерално управување со отпад, за посебни технички и оперативни прашања, за кои се потребни одредени општи управувачки способности, за влијанијата од капацитетите за управување со отпад врз животната средина и за економско-финансиските аспекти на операциите за управување со отпад.

Запознавањето на новите технологиите и техничките апликации коишто опфаќаат собирање, претовар/транспорт, складирање на фракциите на опасен /неопасен отпад и на потенцијалната фракција за рециклирање, за механизмот и биолошкиот и другите видови третман и за процесите на депонирање на сите видови на отпад ќе се вршат на дополнителни семинари и работилници организирани од надлежни инстутуции.

Обуката на човечките ресурси е силно поврзана со организацискиот развој на јавното претпријатие. Истото нема да се потпира само на ад хок надворешна обука, туку ќе ги анализира своите потреби и обуката ќе ја спроведува со развојот на неопходните капацитети и постојните празнини и слабости во делот на знаењето. Развивањето професионални вештини преку обука е суштински важно за ја одржуваме мотивираност на вработените.

**7. Воведување на меѓународни системи за заштита на животната средина. (ISO 14001 и други);**

Воведувањето на стандардизацијата претставува активност на утврдување одредби за општа и повеќекратна употреба, со цел постигнување на оптимално ниво на уредување во дадена област.

Зголемената грижа за животната средина, како и зголемувањето на бројот на прописи кои ја регулираат оваа материја, ќе резултира во поставување на ISO стандард со цел претпријатието да го воспостави своето работење на начин кој ќе одговори на растечките барања на заштитата на животната средина.

Стандардот ISO 14001, ги дефинира барањата за управуање со заштитата на животната средина. Методологијата на која почива стандардот ISO 14001 ја воспоставува политиката за заштита на животната средина, целите и процесите со кои ја реализира политиката, како и превземањето мерки со кои е потребно да го унапреди и усогласи работењето на претпријатието со системот на барања на овој стандард.

Со воспоставувањето на ISO 14001 ќе се дефинираат барањата за воспоставување процедури во заштитата на животната околина, ќе се одредат факторите на влијанието на услугата врз околината, ќе се предвидат еколошки системи на кои се врши негативно влијание, ќе се измерат негативнитете влијанија и ќе се дадат насоки за спречување на несаканите ефекти.

Стандардот ISO 14001 не е условен со закон и неговата примена е доброволна. Развиен е врз концептот на одржлив развој, со кој се задоволуваат сегашните потреби, при тоа не се загрозува опстанкот на идните генерации и задоволувањето на нивните потреби. Лесно се интегрира со стандардот ISO 9001 и наменет е за сертификација.

**8. Други мерки што се од значење за реализација на програмата за управување со отпадот.**

**Организациски подобрувања**

Организациските подобрувања може да опфатат широка палета мерки кои можат:

- да ја подобрат ефективноста на организацијата;
- да придонесат за намалување на оперативните трошоци;
- да остварат поголеми приходи.

Воспоставување на систем за стратегиско планирање ќе овозможи јавното претпријатие ја дефинира својата стратегија или главниот правец на движење за период од неколку години и донесува одлуки за главните мерки што ќе ги преземе. Крајниот резултат, односно стратегијата, ќе содржи:

- конкретни цели што треба дасе постигнат;
- потреби во делот на ресурсите, во што спаѓаат капитал и човечки капацитети и
- временски распоред.

Воспоставување на нова организациона поставеност ќе овозможи системска процена на кадровските потенцијали и обемот на работа. Ваквата организирана поставеност ќе овозможи анализа на кадровски потреби со цел да се идентификуваат бројот и профилот на сите вработени во јавното претпријатие како и потребите од стручен кадар за во иднина.

**9. Извори на финасирање на програмата**

Финансирањето на мерките и активностите предвидени во Програмта се реализираат од повеќе извори како:

- Средства на ЈП Комуналец;
- Буџет на општина Битола;
- Буџет на Република Макдеонија.

Можни се и други извори на финансирање:

- Заеми од финансиски институции и заеми од комерцијални банки;
- Билатерални донации (USAID, GTZ и тн);
- Средства од програми за јакнење на капацитетите на јавните претпријатија (теоретска обука преку работилници, семинари и посета на инсталации – системи за постапување со отпад);
- Средства од ЕУ кои подржуваат иновации и истражување;
- Инструменти за предпристапна помош на ЕУ (ИПА компоненти 1,3 и 4);

## АКЦИОНЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ

| Мерка | Активност | Година на спроведување | | |
|---|---|---|---|---|
| Анализа на количините на отпад | Мерење на количините на отпад | 2014 | 2015 | 2016 |
| Технички, организациски и други мерки за избегнување и за намалување на создавање на отпад и намалување на штетноста на отпадот | **Воспоставување на универзалност на услугата на целокупната територија на општината обезбедена преку одржливост на услугата, квалитет и ефикасност, транспарентност, целосно покривање на областа на извршување на услугата** | | | |
| | Проширување на услугата во руралните средини | 2014 | 2015 | 2016 |
| | Воспоставување на шема за целосно покивање на селеткивен процес на собирање на отпадот на целокупната територија | | | |
| | **Изработка на техничка и институционална документација за подобрување на системот за собирање и транспортирање и селективно собирање на отпадот** | | | |
| | Изработка на План за управување со отпад | 2014 | | |
| | Изработка на Програма за управување со отпад (2014-2017) | 2014 | | |
| | Изработка на интегрирана шема за управување со отпад | 2014 | | |
| | Изработка на План за депонирање на комунален отпад (2014-2019) | 2014 | | |
| | Изработка на Програма за депонирање на отпад (2014-2017) | 2014 | | |
| | **Управување со посебни текови на отпад:** | | | |
| | Акции за собирање на гломазен отпад | 2014 | 2015 | 2016 |
| | Расчистување на диви депонии соградежен шут | 2014 | 2015 | 2016 |
| | Управување со пакување и отпад од пакување | 2014 | | |
| | Управување со посебни текови на отпад (стари гуми, употребени масла, отпадна електрична и електронска опрема) | | 2015 | 2016 |
| Планирани организациско –технички капацитети | Проект за изградбата на претоварна станица | 2014 | | |
| | Проект за сува рециклажа на отпад | | | 2016 |
| | Проект за рециклажен двор | | 2015 | |
| | Проект за собирање на сув и воден отпад | | 2015 | |
| | Проект за компостирање на биоразградлив отпад | | 2015 | |
| Технички, организациски и други мерки за постапување со отпадот (селектирање, третман, преработка, искористување на енергијата, складирање и отстранување) | **Набавка на комунална опрема:** | | | |
| | Набавка на специјални возила за собирање и транспортирање на отпад | 2014 | 2015 | 2016 |
| | Набавка на специјализрани садови за собирање на комунален отпад | 2014 | 2015 | 2016 |
| | Набавка на специјализирани садови за селектирање на отпад | 2014 | 2015 | 2016 |
| | Воспоставување на примарен систем на селекција на отпад | | 2015 | 2016 |
| | Воспоставување на секундарен систем на селекција на отпадот | 2014 | 2015 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мерки за заштита од штетното влијание на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето | **Законодавни мерки**<br>Изработка на правилници и прописи за управување со отпад на локлано ниво посебно на примарна и секундарна селекција на отпадот<br>Институционални и организациски мерки<br>Воспоставување на организациона структура во јавното претпријатие со назначени одговорни стручни лица<br>**Економските мерки**<br>Промовирање на развој за искористување на материјаната иенергетската вредност за ефикасноста на определени фракции на отпадот | 2014<br><br><br><br><br><br>2014 | 2015<br><br><br><br><br><br>2015 | 2016<br><br><br><br><br><br>2016 |
| Едукација и обука на кадарот што управува со отпадот | Посета на едукативни курсеви и обуки за прописите и стандардите за генерално управување со отпад, за посебни технички и оперативни прашања, за влијанијата од капацитетите за управување со отпад врз животната средина и за економско-финасиските аспекти на операциите за управување со отпад. | 2014 | 2015 | 2016 |
| Воведување на меѓународни системи за заштита на животната средина. (ISO 14001 и други); | Воспоставување на ISO стандард 14001 | | 2016 | 2016 |
| Други мерки што се од значење за реализација на програмата за управување со отпадот. | **Организациски подобрувања**<br>Воспоставување на нова организациона поставеност<br>Воспоставување на систем за стратегиско планирање | <br>2014<br>2014 | <br><br>2015 | <br><br>2015 |

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за симнување на точка од дневен ред

1. Го објавувам Заклучокот за симнување на точка од дневен ред, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22, став 1, точка 47 и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.10/05), Советот на општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за симнување на точка од дневен ред

1. Точката 22 од Дневниот ред - Годишна програма за заштита на животна средина на Општина Битола за 2015 година беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на општината Битола поради доработка на материјалот.

2.По доработката на материјалот, точката ќе биде ставена на дневен ред на наредните седници на Советот.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр.07-40/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата на Општина Битола за финансисрање на туризмот за 2015-2017

1. Ја објавувам Програмата на Општина Битола за финансирање на туризмот за 2015-2017, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/23
30.12.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## на Општина Битола за финансисрање на туризмот за 2015-2017
## „Битола, атрактивна туристичка дестинација“

Општина Битола со својата местоположба (непосредната близина со Р. Грција членка на ЕУ, поставеноста на историски важната рура, позната како патот VIA EGNATIA, блискоста до охридскиот и солунскиот аеродром, природото богатството (планината Баба со единствена флора и фауна, потенцијалите за развој на зимските спортови итн.), културните атрактивности (богатата историјата и традиција, културни споменици и знаменитости, манифестации и фестивали) ги има сите предуслови за развивање на туризмот како еден од најважите двигатели на општествениот развој.

Тому поради ова Општина Битола во стратегијата за социо-економски развој особен акцент му придава на развојот на туризмот како глобален тренд и гранка со исклучителен потенцијал и можности. Во тој контекст оваа предлог програма нуди низа мерки, активности, проекти и иницијативи чија цел е динамичен и комплементарен развој на туризмот во Општина Битола.

Постигнувањето на таа цел е можно со мобилизирање на сите потенцијали и субјекти во правец на подигање на нивото на организациска поставеност, координација, стандардизација, валоризација и промоција на на туристичките потенцијали поставувајќи ја Битола на врвот на мапата на туристичките дестинации во регионот.

Во продолжение се претставени сет на активности, мерки , иницијативи и проекти кои во правец на постигнување на визијата , „Битола, атрактивна туристичка дестинација“.

**1. Отворање на туристички инфо биро и промоција на истото.**

Досегашното искуство покажа дека постоењето на информативно-туристичко биро или пункт е основен стандард во сите развиени туристички средини. Освен промотивната функција како објект , неговата улога е информативно-промотивна како кон туристичките посетители така и кон туристичките субјекти од градот (давање на информации за сместување, посета на знаменитости, влезници за настани и манифестации, објекти , продажба на туристичка мапа, водич, разгледници и сл.

Во зависнот од развојот на ситуацијата обврските и активностите на инфо бирото можат да се зголемуваат во правец на подобрување на туристичката промоција на Битола односно ова биро да ја игра улогата на извршно тело на програмата за развој на туризмот.

Функцијата на бирото налага истото да биде лоцирано на препознатлива локација во централното градско јадро(искуствата покажаа дека е добро да биде со излог, достапен и во објект со културно-историско значење) или слична атрактивна локација.

**Предвидена Имплементација – Март-Април**

**2. Промотивни активности**

**Опис на активности**

- Издавање на туристички брошур 4 издание .
- Туристички разгледници
- Мапа на градот
- Изработка на маскота на градот-проект
- Избор и промоција на туристичко лого на Битола
- интеренет промоции на домашни и странски портали, публикации и сл.
- саеми и други туристички манифестаци
- Промотвни активности за обука на локалното население за подобар однос кон туристите.
- Промоција и стимулирање на велосипедскиот туризам
- Формирање Туристичка волонерска патрола.
- Развој на туристички производ - Брендирање на туристички производ
- обуки и стандардизација на туристичките субјекти
- Destination management organization - имплементација

Промотивните активности се и тоа како важен во процесот на подобрување на туристичката понуда, привлекување и анимирање на посетители и сл. Добро подготвената промотивна стратегија , квалитетно публикуваните промотивни материјали, нивната соодветна дистрибуција, се основни стандарди во промоцијата на туризмот на една средина.

Имплеменатција: **Февруари -Октомври**

**3. Инфраструктурни проекти и инвестиции**

**Опис на активности**

- ДУП за проект „Ниже Поле “туристички центар
- Проект за ревитализиацција на старата чаршија- соработка на Општина Битола Мин.за култура
- Туристичка сигнализација 2 фаза
- Изградба на велосипедски патеки по ДУП.
- Поддршка на иницијативи за уредување и промовирање на нови микро локации за туристички излетишта

Дел од наведените проекни активности во делот на инфраструктура се предвидени како развојна компонента или фазно започнати во предходниот период , а ќе се реализираат во наредниот развоен приод во зависност од можностите и

**4. Тековни активности на одговорното лице за туризам**

- Контакт со ЗЕЛС и Агенција за промоција и поддршка на туризмот
- Контакт и поддршка на чинителите на туризмот во Општина Битола
- Одржување на средби, состаноци, обуки, работилници и др.со членовите за Координативното тело за туризам
- Иницирање акции, промотивни активности, проекти и сл.во насока на подобрување на условите за работа во областа на туризмот, и поквалитетна туристичка понуда на Битола.
- Посета на значајни туристички манифестации и воспоставување контакти од важност за развој на туризмот во Општина Битола.
- Одржување на база на податоци на туристички субјети и лиферување информации од важност за истите.
- Други активности во правец на развој на туризмот во Општина Битола

## Програма за развој на туризмот во Општина Битола за 2015 и динамика на имплементација и буџет

| Ред. број | Активност | Време | Буџет и извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | **Отворање на туристички инфо биро и промоција на истото.** | Март - Април | |
| 2. | **Промотивни активности** | Февруари - Октомври | |
| 3. | **Инфраструктурни проекти и инвестиции** | Тековна година | 300.000.00 Буџетска ставка G20 Потикнување на развој ан туризмот |
| 4. | **Тековни активности на одговорното лице(посета на настани, саеми, промоции, обуки,семинари, состаноци на координативното тело и учество во други активности релевантни за развој на туризмот во Општина Битола.** | Тековна година | |

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе ја определува Комисија составена од општинската администрација и стручни лица, врз основа на прибирање понуди за соодветни активности. Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за усвојување Програмата за работа на Општинската организација на Црвен крст Битола за 2015 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Програмата за работа на Општинската организација на Црвен крст Битола за 2015 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

### З А К Л У Ч О К
### за усвојување Програмата за работа на Општинската организација на Црвен крст Битола за 2015 година

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Општинската организација на Црвен крст Битола за 2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Програмата за заштита на потрошувачите на Општина Битола за периодот 2015-2016**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Програмата за заштита на потрошувачите на Општина Битола за периодот 2015-2016, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Програмата за заштита на потрошувачите на Општина Битола за периодот 2015-2016**

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за заштита на потрошувачите на Општина Битола за периодот 2015-2016.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/27 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Процената на загрозеноста на подрачјето на Општината Битола од сите ризици и опасности**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување за усвојување Процената на загрозеноста на подрачјето на Општината Битола од сите ризици и опасности, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/26 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Процената на загрозеноста на подрачјето на Општината Битола од сите ризици и опасности**

1. СЕ УСВОЈУВА Процената на загрозеноста на подрачјето на Општината Битола од сите ризици и опасности.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/28 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг-Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг-Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/27 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96 и 138/2014), член 22, став 1, точка 31 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг-Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Статутот на Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола, донесен на седницата на Управниот одбор на Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола одржана на ден 19.11.2014 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/29 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2015 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

1. Ја објавувам Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2015 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/28 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр.61/04,92/07,102/08,35/11,53/11,84/12 и 188/13) и член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ“ бр.54/12,17/2013,21/13 и 142/14) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2015 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

**Член 1**

Со оваа одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини .

**Член 2**

Просечната цена за метар квадратен на градежното земјиште се движи во зависност од зоната во градот и населеното место и тоа:

I. Во град Битола

За дворни места
-2.000 ден/м2 - 4-та и 5-та зона
-1.200 ден/м2 - 6-та и 7-та зона
-1.000 ден/м2 - 8-та и 9-та зона
- 800 ден/м2 - 10-та и 11-та зона

За градежни парцели
- 4.000 ден/м2 - 4-та и 5-та зона
- 3.000 ден/м2 - 6-та и 7-та зона
- 2.400 ден/м2 - 8-та и 9-та зона
- 1.200 ден/м2 - 10-та и 11-та зона

II. Просечната цена за метар квадратен на градежното земјиште во селата на Општина Битола се движи:

1. ЛАВЦИ, БРУСНИК, БУКОВО, ДИХОВО, ТРНОВО, МАГАРЕВО, ГОРНО ОРИЗАРИ
За дворни места - 600 ден/м2
За градежни парцели - 1.200 ден/м2

2. БРАТИНДОЛ, КРСТОАР, БИСТРИЦА, ЛОГОВАРДИ, ОЛНО ОРИЗАРИ, КУКУРЕЧАНИ, КРАВАРИ
За дворни места - 500 ден/м2
За градежни парцели - 1.000 ден/м2

3. РОТИНО, КРКЛИНО, РАШТАНИ, НИЖЕПОЛЕ
За дворни места - 400 ден/м2
За градежни парцели - 800 ден/м2

4.ЃАВАТО, КАЖАНИ, МАЛОВИШТА, ЦАПАРИ, ОЛЕВЕНИ, КАНИНО, БАРЕШАНИ, ПОРОДИН, ЖАБЕНИ, КАРАМАНИ, ОПТИЧАРИ, ПОЕШЕВО
За дворни места - 300 ден/м2
За градежни парцели - 600 ден/м2

5. РАМНА, ЛЕРА, Г.СРПЦИ, ДОЛЕНЦИ, ДРАГАРИНО, ЦРНОБУКИ, ДРАГОЖАНИ, ТРН, ВЕЛУШИНА, ЛИСОЛАЈ, ЕГРИ, ЛОПАТИЦА
За дворни места - 200 ден/м2
За градежни парцели - 400 ден/м2

6. КРЕМЕНИЦА, ЛАЖЕЦ, ГРАЕШНИЦА, ДРАГОШ, КИШАВА, ОСТРЕЦ
За дворни места - 200 ден/м2
За градежни парцели - 200 ден/м2

7. СВИЊИШТА, СЕКИРАНИ, СНЕГОВО, СТ.ЗМИРНЕВО, ЦРНЕЕЦ, СТРЕЖЕВО, МЕТИМИР, ОБЛАКОВО, ЗЛОКУЌАНИ, ДРЕВЕНИК, Г.ОРЕОВО, ГАБАЛОВЦИ ГОПЕШ
За дворни места - 100 ден/м2
За градежни парцели - 100 ден/м2

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“

Бр.07-40/30 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2015 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во

**претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини**

1. Ја објавувам Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2015 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/29 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12 и 188/13) и член 13 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ“ бр. 54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), и член 70 од Статутот на Општина Битола(„Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2015 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

### Член 1

Со оваа одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини .

### Член 2

Почетната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата по Катастарски Општини во денари за метар квадратен се движи:

| Катастарска Општина | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Барешани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Бистрица | 105,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Битола | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Братин дол | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Брусник | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Буково | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Велушина | 60,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Габалавци | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |

| Катастарска Општина | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Горно Оризари | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Горно Српци | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Горно Орехово | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Гопеш | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Градешница | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Дихово | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Доленци | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Долно Оризари | 90,00 | 80,00 | 60,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Драгош | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Драгарино | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Драгожани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Древени | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Ѓавато | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО) Егри | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Жабјани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Злокуќани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |

| Катастарска Општина | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Карамани | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Кажани | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Канино | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кишава | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Крклино | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Крстоар | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кременица | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кравари | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кукуречани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Лавци | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Лажец | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Лера | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Лисолај | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Логоварди | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Лопатица | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Магарево | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |

| Катастарска Општина | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Маловиште | 40,00 | 30,00 | 30.00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Метимир | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Нижеполе | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Облаково | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Олевени | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Оптичари | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Острец | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Поешево | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Породин | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Рамна | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Раштани | 90,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Ротино | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Свињиште | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Секирани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Снегово | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Ст. Змирнево | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |

| Катастарска Општина | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Стрежево | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Трново | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Трн | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Цапари | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Црнеец | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Црно Буки | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| 998 земја | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| 999 Земја | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битопла“

Бр.07-40/31 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на пренесување на недвижен имот без надоместок во сопственост на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на пренесување на недвижен имот без надоместок во сопственост на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/30 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Служ-

бен весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 и 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 1 од Одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Битола („Службен весник на РМ“ бр.106/2014), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на пренесување на недвижен имот без надоместок во сопственост на општина Битола

### Член 1

Со оваа Одлука Општината Битола го прифаќа во сопственост без надоместок недвижниот имот запишан во Имотен лист број 33467 за КО Битола 3, устроен на КП бр.11825, пренесен со Одлука на Владата на Република Македонија бр.42-3818/1 од 07.07.2014 година, објавена во „Службен весник на РМ“ бр.106/2014 и тоа:

½ (една идеална половина) од недвижен имот земјиште, запишано во Лист Б од имотниот лист

- КП бр. 11825, катастарска култура 50000 1, со површина од 123 м-2,
- КП бр. 11825, катастарска култура 60000 2, со површина од 63 м-2,
- КП бр. 11825, катастарска култура 70000, со површина од 257 м-2,

½ (една идеална половина) од недвижен имот, зграда 1, запишано во Лист В од имотниот лист

- КП бр. 11825, зграда 1, влез 1, кат 01, со површина од 118 м-2,
- КП бр. 11825, зграда 1, влез 1, кат 02, со површина од 115 м-2,
- КП.бр. 11825, зграда 1, влез 1, кат ПО, со површина од 102 м-2 и
- КП бр. 11825, зграда 1, влез 1, кат ПР, со површина од 114 м-2.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/32 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за определување на имиња на улици во Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за измена на Одлуката за определување на имиња на улици во Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/31 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 4 и 8 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Сл. весник на РМ“ бр. 66/04, 55/07, 145/10; 136/11 и 163/13), а во согласност со Правилникот за содржината, постапката за водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар („Сл. весник на РМ“ бр.152/07), член 3 од Одлуката за утврдување услови и критериуми за определување листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“) бр. 19/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола„ бр. 10/05) и утврдената Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општината Битола, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за измена на Одлуката за определување на имиња на улици во Општина Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за опрелување на имиња на улици во Општина Битола Сл.гласник бр.14/2013 и тоа точка 2 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| 2. ДУП – БЛР 1 дел Битола - 1<br><br>Дел од ул. „Димче Лахчански“ со куќни броеви од 63-87 и куќни броеви од 86-116 се издвојува во нова улица со куќни броеви од бр.17 до 41 и куќни броеви од бр.2-44 соодветно. | Палиснопје |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ке се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-40/33 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Стопански комплекс м.в. „Кутлишта“ КО Буково – Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Стопански комплекс м.в. „Кутлишта“ КО Буково – Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/32 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 10, 17, 17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05) Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Стопански комплекс м.в. „Кутлишта“ КО Буково – Општина Битола

**Член 1**

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Стопански комплекс м.в. „Кутлишта“ КО Буково – Општина Битола

Границата на планскиот опфат има почетна точка во пресекот на планираната собирна улица и ул. „Пат за с. Кравари“ продолжува на северозапад по осовина на ул. „Прва“ до пресечната точка со железничката пруга Битола-Лерин, продолжува на северозапад по истата со пресекот со осовината на дел од планираната улица „Индустриска,“ продолжува по осовина на дел од истата од североисток до пресек со осовина на дел од ул. „Пат за с. Кравари“ продолжува по осовина на истата од југозапад и се спојува во почетната точка.

Опфатот на вака предложениот ДУП има површина од приближно 6,15 ха.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за Стопански комплекс м.в. „Кутлишта“ КО Буково – Општина Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-40/34 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА Бр. 1, Модул 1, Блок 1 - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА Бр. 1, Модул 1, Блок 1 – Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/33 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА Бр. 1, Модул 1, Блок 1 - Битола

**Член 1**

СЕ ДОНЕСУВА Одлука за донесување на Детален урбанистички план за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА Бр. 1, Модул 1, Блок 1 - Битола

**Член 2**

Границата на планскиот опфат се движи: на север по осовина на ул. „Довлеџик“ на запад по планирана сообраќајница по ГУП, на југ и исток по осовина на станбена улица согласно ДУП за Станбена заедница Бр. 1 Модул 1 - Битола.

Опфатот на вака предложениот ДУП има површина од 2,0 ха.

**Член 3**

Детален урбанистички план за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА Бр. 1, Модул 1, Блок 1 - Битола, се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на ова Одлука.

**Член 4**

Детален урбанистички план за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА Бр. 1, Модул 1, Блок 1 - Битола се заверува со потпис и печат од доносителот на планот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-40/35 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на

**урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Брусник во идна урбанистичко планска документација**

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Брусник во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/34 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Брусник во идна урбанистичко планска документација

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект во на КП бр.977 во КО **Брусник** со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/36 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект изграден во КО Кременица во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект изграден во КО Кременица во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/35 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на

Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект изграден во КО Кременица во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-Полициска станица на КП 1140/2 во КО **Кременица** со намена В-Јавна институција во идна урбанистичко планска документација:

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-40/37 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Раштани во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Раштани во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/36 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Раштани во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект во на КП бр.153/2 и КП бр.71 во КО **Раштани** со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола„.

Бр.07-40/38 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправниот објект во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправниот објект во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/37 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправниот објект во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намената на бесправните објекти во КО Битола 5 со намена А1-домување на земјиште, со намена Г-индустрија и поголеми стопански субјекти утврдена во важечката урбанистичко планска документација-ГУП на град Битола и вклопување на истите во идна урбанистичко планска документација.

**1.** КП бр.11048 (зграда бр.1, 2 и зграда бр.3) КО Битола 5

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-40/39 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправниот објект во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправниот објект во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/38 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправниот објект во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намената на бесправните објекти во КО Битола 3 со намена А-домување на земјиште, со намена Д-зеленило утврдена во важечката урбанистичко планска документација-ДУП **ЦГП 2 дел** на град Битола и вклопување на истите во идна урбанистичко планска документација.

**1.** КП бр.12410/2 КО Битола 3

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-40/40 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар

1. Ја објавувам Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/39 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09), член 14 став 1 член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола, Советот на Општината Битола, на седница одржана на 25.12.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар

**Член 1**

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар заради заедничко вршење работи од надлежност на општините, кои се однесуваат на вршење на определени работи од надлежност на внатрешната ревизија, од страна на Општина Демир Хисар во корист и за сметка на Општина Битола.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува преку склучување на договор за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини.

**Член 3**

Оваа меѓуопштинска соработка се воспоставува за период до 31.12.2015 година.

**Член 4**

Општината Битола ќе ги сноси направените трошоци поврзани со меѓуопштинската соработка односно трошоците кој ќе произлезат од вршењето на внатрешна ревизија од страна на внатрешниот ревизор на Општина Демир Хисар во Општината Битола.

Воедно Општината Битола за 2015 година ќе изврши уплата на жиро сметката на Општина Демир Хисар во износ од 10.000, (десетилјадиденари) за тековната 2015 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/41 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на услугите што ги дава Јавната Установа „Мајски Цвет“ Битола и износот на надоместокот на трошоците за престој во Установата што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на Установата

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на услугите што ги дава Јавната Установа „Мајски Цвет“ Битола и износот на надоместокот на трошоците за престој во Установата што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на Установата, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/40 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 11 и член 191 став 2 и 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013, 12/14 и 44/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на услугите што ги дава Јавната Установа „Мајски Цвет“ Битола и износот на надоместокот на трошоците за престој во Установата што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на Установата

1. СЕ ДАВА согласност на Одлуката за утврдување на цената на услугите што ги дава Јавната Установа „Мајски Цвет“ Битола и износот на надоместокот на трошоците за престој во Установата што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на Установата од 26.11.2014 г., донесена на седницата на Управниот одбор на Установата.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-40/42 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на КЈП „Нискоградба“ - Битола**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на КЈП „Нискоградба“ - Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/41
30.12.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996...бр.138/2014), член 22, став 1, точка 31 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на КЈП „Нискоградба“-Битола**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на КЈП „Нискоградба“-Битола бр. 02-1461/4, донесена на седницата на Управниот одбор на КЈП „Нискоградба“-Битола одржана на ден 19.12.2014 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/43
25.12.2014 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП „Водовод“ - Битола**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП „Водовод“-Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/42
30.12.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996...бр.138/2014), член 22, став 1, точка 31 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП „Водовод“-Битола**

1.СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП „Водовод“-Битола бр.02-791/4, донесена на седницата на Управниот одбор на КЈП „Водовод“ - Битола одржана на ден 18.12.2014 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/44
25.12.2014 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“ - Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“ - Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/43 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/1996 и 138/2014), член 22, став 1, точка 31 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“ - Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“-Битола бр. 02-647/3, донесена на седницата на Управниот одбор на ЈП „Комуналец“-Битола одржана на ден 19.12.2014 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/45 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Пазари“- Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Пазари“- Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/44 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/1996 и 138/2014), член 22, став 1, точка 31 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Пазари“ - Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот

на ЈП „Пазари “-Битола бр. 02-330/2, донесена на седницата на Управниот одбор на ЈП „Пазари“-Битола одржана на ден 17.12.2014 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/46 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Жабени“-Битола**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Жабени“-Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/45 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/1996 и 138/2014), член 22, став 1, точка 31 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Жабени“-Битола**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Жабени“-Битола бр. 0202-264/2, донесена на седницата на Управниот одбор на ЈП „Жабени“-Битола одржана на ден 22.12.2014 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/47 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за избор на членови во Советот на млади на Општината Битола**

1. Го објавувам Решението за избор на членови во Советот на млади на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/46 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2, став 3, член 3, став 1 и 4 од Одлуката за основање на Совет на млади на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола бр. 14/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за избор на членови во Совет на млади на Општината Битола

1. За членови во Советот на млади на Општината Битола се избираат:
- Марија Мерковска – здружение на граѓани
- Мартин Николовски – средношколска организација
- Ивана Ангелевска – среднишколска организација
- Сандра Талевска – средношколска организација
- Томислав Новевски – политички подмладок
- Васко Јошевски – здружение на граѓани
- Катерина Темелковска – студентска организација
- Кристина Петровска – студентска организација
- Александар Јаневски – студентска организација

2. Мандатот на членовите на Советот на млади трае 2 години.

3. Претседателот на Советот на млади на општина Битола, го избираат членовите на Советот на млади од своите редови.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/48 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на ДУП за Реонски СРЦ „Довлеџик“ Блок 1 Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на ДУП за Реонски СРЦ „Довлеџик“ Блок 1 Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.12.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1706/47 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.12.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.12.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на ДУП за Реонски СРЦ „Довлеџик“ Блок 1 - Општина Битола

### Член 1
СЕ ДОНЕСУВА Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Реонски СРЦ „Довлеџик“ Блок 1 - Општина Битола, со плански период 2012-2017

### Член 2
Границата на планскиот опфат се движи: на југоисток по осовина на ул. „Довлеџик“ до пресек со осовина на регулирано корито на р. Курдерес, на исток по осовина на регулирано корито на р. Курдерес до пресек со осовина на регулирано корито на р. Драгор, на север по осовина на регулирано корито на р. Драгор до пресек со осовина на регулирано корито на р. Курдерес, продолжува кон запад по осовина на регулирано корито на р. Курдерес со пресек со осовина на ул. „Довлеџик“ каде е и почетната точка на планскиот опфат.

Опфатот на вака предложениот ДУП има површина од 9,0 ха.

### Член 3
Детален урбанистички план за Реонски СРЦ „Довлеџик“ Блок 1 - Општина Битола,

се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на ова Одлука.

**Член 4**

Детален урбанистички план за Реонски СРЦ „Довлеџик“ Блок 1 - Општина Битола се заверува со потпис и печат од донесителот на планот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-40/49 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.12.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ,, 5/02,) и член 120 став 9 и член 123 став 10 од Законот за заштита на децата (,,Службен весник на Република Македонија ,, 23/13, 12/14, 44/14, 144/14) - Градоначалникот на Општината Битола донесе

РЕШЕНИЕ
за избор на Директор на Јавната општинска установа
за деца Детска градинка ,,Мајски цвет,, Битола

1. За Директор на ЈОУ за деца Детска градинка ,,Мајски цвет,, Битола се избира **Лидија Митревска со завршен ВСС VII / 1 Правен факултет- Дипломиран правник** .

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,

**Образложение**

Управниот одбор на ЈОУ за деца Детска градинка ,,Мајски цвет,, Битола распиша јавен оглас за избор на Директор на установата.
Установата достави допис бр. 03-270/1 од 15.12.2014 до Градоначалникот, во прилог со Одлука од Управниот одбор бр. 02-269/1 од 12.12.2014.со која Одлука за кандидат за избор за Директор се утврдува и се предлага Лидија Митревска досегашен Директор на установата, кој воедно е единствен кандидат пријавен по објавениот јавен оглас.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс. Согласно член 120 став 9 и член 123 став 10 од Законот за заштита на децата Градоначалникот на Општината го избира Директорот на ЈОУ.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-1378/3
29.12.2014.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 25 од Статутот на ОЈУ „Зоолошка градина„ Битола - Градоначалникот на Општината Битола донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за избор на Директор на Општинска јавна установа „Зоолошка градина„ Битола**

1. За Директор на ОЈУ „Зоолошка градина„ Битола се избира Џоко Дамевски ВШС Економист.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Се задолжува Директорот по конечноста на Решениео да изврши примопредавање на правата и обврските од досегашниот Директор.

4. Решението да се достави до сите пријавени кандидати на јавниот конкурс.

5. Решението влегува во сила по неговата конечност и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**Образложение**

Градоначалникот на Општината распиша Јавен конкурс за избор на Директор на установата.
По објавениот Јавен конкурс за избор на Директор во ОЈУ Управниот одбор формира комисија која по разгледувањето на пристигнатата документација достави предлог до Градоначалникот .
За Директор на ОЈУ е предложен и кандидатот Џоко Дамевски со завршена ВШС, Економист.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс.
Согласно член 25 од Статутот на установата Директорот го избира Градоначалникот на општината.
Мандатот на Директорот трае 4 години.
Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.
**Упатсво за правно средство:** Против ова Решение кандидатите кои не се избрани во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведување на постапката за избор на Директор **која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината** до **Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

Бр. 08-541/8
08.10.2014
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ „ 5/02,) и член 34 и член 38 од Законот за култура („Службен весник на РМ„ 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013 и 44/2014) - Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на Општинска јавна установа „Зоолошка градина„ Битола**

1. Се разрешува Марика Димитријевска од функцијата ВД Директор на ОЈУ „Зоолошка градина „ Битола заклучно со 11.12.2014.

2.Се задолжува разрешениот ВД Директор со новоизбраниот Директор да извршат примопредавање на должноста .

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општина Битола распиша Јавен конкурс за избор на Директор на јавната установа и по истиот донесе Решение за избор на Директор на општинска јавна установа „Зоолошка градина„ Битола.

Имајки го во предвид фактот што донесеното решение за избор на Директор на установата , по јавниот конкурс е конечно, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Бр.08-541/19
11.12.2014.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 19а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ,, бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07,83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14), Градоначалникот на Општината Битола донесе

# О Д Л У К А
## за невршење избор на Директор на комунално јавно претпријатие „Нискоградба,, Битола

1. Не се врши избор на Директор на КЈП „Нискоградба,, Битола, а по распишаниот јавен конкурс бр.08-1168/2 од 19.09.2014 година.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола,,

## О б р а з л о ж е н и е

Градоначалникот на Општината распиша Јавен конкурс за избор на Директор на јавното претпријатие.

По разгледување на пристигнатите пријави на кандидатите , Градоначалникот на општината согласно член 19 а, од Законот за јавни претпријатие, одлучи да не изврши избор на Директор во КЈП „Нискоградба,, Битола по распишаниот јавен конкурс.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-1168/17
26.11.2014.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 128 и 132 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Основно училиште„ Св. Климент Охридски„ Битола**

1. За Директор на ОУ „Св. Климент Охридски„ Битола се избира **Андријана Мигуловска** ВСС Професор по информатика и техничко образование со положен испит за директор, вработена во основното училиште.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години .

3. Решението влегува во сила со донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште. Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во основното училиште, Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот – бр.02-304/2 од 12.11.2014 со пропратен допис бр. 03-318/1 од 13.11.2014 г.заведено во општината Битола под бр. 08-1277/2 од 13.11.2014 г. со кој предлог за Директор на основното училиште е предложен кандидатот Андријана Мигуловска - ВСС Професор по информатика и техничко образование со положен испит за директор, вработена во основното училиште, која воедно е и единствениот кандидат пријавен по огласот.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 128 и 132 , од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.
Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Бр. 08-1277/4**
21.11.2014
Битола

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-636/1 од 15.03.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-893/1 од 01.04.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола , број 08-2070/1 од 02.09.2011 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-159/1 од 25.01.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 05.03.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-04/1 од 28.05.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-06/1 од 25.07.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-07/1 од 06.12.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 18.02.2013 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-05/1 од 20.08.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-06/1 од 28.11.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-07/1 од 03.12.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-01/1 од 30.01.2014 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Битола бр. 01-04/1 од 02.04.2014 г. ,

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Битола бр. 01-05/1 од 25.04.2014 г. и

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Битола бр. 01-07/1 од 27.08.2014 г. и тоа во членот 5 во 1.Секторот за правно нормативни, административни и општи работи, во 1.б.Одделение за администартивни и општи работи после работното место со реден број „8б. Организирање и координирање на помошно технички работи„ се додава ново работно место со реден број „8.в„ кое гласи:

**„8.в. Назив на работното место**: **<u>организирање и координирање на архивско работење</u>**

**Звање**: Помлад соработник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Вршење наједноставни работи од надлежност на одделението врз основа на конкретни упатства и насоки, со постојан надзор и контрола на раководителот на Одделението кој се однесуваат на помагање во координирање на архивското и канцелариско работење на општинската администрација

**Главни работни должности:**

- ги следи законските и подзаконски акти од надлежност на архивското и канцеларискотo работење и локалната самоуправа,

- врши наједноставни работи врз основа на конкретни упатства и насоки, со постојан надзор и контрола од раководителот на одделението, а кои се однесуваат на организирање и кординирање на работи во врска ѕо извршувањето на задачите од областа на архивското и канцеларискотo работење ,
- помага во координирање на електронско архивирање на сите предмети според планот на архивските знаци и листите на категории за чување на архивската граѓа;
- помага во координирање на безбедно чување, собирање, средување и обработување на архивскиот материјал како и извршувањето на попис на архивската граѓа од трајна вредност која се предава на надлежниот архив;

-учествува во работата на комисијата за уништување на извлечниот материјал, по истекот на утврдените рокови за негово чување;

- помага во изготвување на Планот за архивски знаци на општината

**Посебни услови**:

- со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Општествени науки - Организациони науки и управување (менаџмент)
- без работно искуство

- други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети: работа со компјутери, способност за тимска работа.

**Број на извршители:** 1,,

**Член 2**

Во членот 5 во 1. Секторот за правно нормативни и административни работи, во 1.в Одделение за имот и имотно –правни работи после работното место по реден број

„21.д предлози за експропријација „ се додава ново работно место 21 ѓ кое гласи:

**„21ѓ. Назив на работното место:** недвижен имот

**Звање:** помлад соработник
**Одговара пред:** раководителот на одделението

**Цел на работното место:** извршување поедноставни работи и работни задачи во одделението што се однесуваат на недвижниот имот , со упатство и под надзор и контрола од раководителот на одделението
**Главни работни должности:**

- ги следи и проучува законските прописи и другите општи акти што се однесуваат на имотот на општината , како и законските прописи и акти од областа на недвижности и имотно-правни односи;

- помага во собирање на податоци и материјали потребни за изготвување на среднорочниот и долгорочниот план за управување со недвижниот имот на општината;

- помага во работи поврзани со обезбедување на документацијата за недвижниот имот на општината;

- помага во изготвувањето на одлуките на Советот на Општината кои произлегуваат од надлежноста на одделението и договорите за издавање под закуп, продажба и купување недвижен имот на Општината;

- помага во прибирање и обработка на податоци потреби за нивното изготвување;

- помага во собирање на податоци и материјали потребни за изготвувањето анализи, мислења по нацрти на прописи и други акти и материјали;

- дава стручни појаснувања и мислења по примената на законите од областа која ја покрива;

- предлага ставови по начелни прашања од значење за заштита на недвижниот имот и заштита на имотните права и интереси на општината;

**Посебни услови**:

- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен / правен факултет – правни науки;
- без работно искуство;
- други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети: работа со компјутери, способност за тимска работа.

**Број на извршители: 1,,**

**Член 3**

Во членот 5 во 2.Секторот за финансиски прашања, 2 в) Одделение за админстрирање на приходи после работно место со реден број „39а. Советник – пресметка на надоместок за уредување на градежно земјиште ,, се додава ново работно место „39б,, кое гласи:

**„39б. Назив на работното место**: организациска и административна поддршка во администрирањето со приходите

**Звање:** помлад соработник
**Одговара пред**: раководителот на одделение
**Цел на работното место :** извршување наједноставни рутински работи и задачи што се однесуваат на давање на организациска и административна поддршка во администрирањето со приходите, со упатства и под надзор од раководителот на одделението
**Главни работни должности**:

- континуирано ги следи законските прописи и други општи акти од областа за кое е надлежно одделението,

- врши наједноставни работи врз основа на конкретни упатства и насоки, со постојан надзор и контрола од раководителот на одделението, а кои се однесуваат организациска и административна подршка при
изготвување решение по записник од страна на проценител за утврдување на пазарна вредност на недвижности и
изготвување решение за данок на имот по пријава согласно утврдена пазарна вредност,

- помага во координирање на безбедно чување, собирање, средување на документацијата во одделението се до предавање- враќање на истата во архивата;

- помага во координирање на електронско архивирање на сите предмети примени во одделението според планот на архивските знаци,

- помага во подготвителни работи и задачи кои се однесуваат на организацијата на работата на одделението

- помага во прибирање на податоци и информации потребни при изготвување на стручни анализи од надлежност на одделението,

- помага во подготвување и проучување материјали за состаноци од надлежност на одделението и помага во изготвување на мислења и белешки по истите,

- помага во изготвување анализи, извештаи и информации за бројот на обврзниците, доставените решенија, по сите основи,

**Посебни услови**:

- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Педагошки факултет

- без работно искуство;

- други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети: работа со компјутери, способност за тимска работа.

**Број на извршители: 1**,,

**Член 4**

Во членот 5 во 2.Секторот за финансиски прашања во 2г Одделение за јавни набавки после работното место со реден број ,,49 Водење на постапка за јавни набавки со прибирање на понуди без објавување на јавен оглас ,, се додава ново работно место ,,49-а,, кое гласи:

,,**49а.Назив на работното место**: техничка документација
**Звање**: помлад соработник
**Одговара пред**: раководителот на одделението
**Цел на работното место:** извршување стручно- оперативни работи и работни задачи во одделението, со упатство и под надзор и контрола од раководителот на одделението
**Главни работни должности:**

- континуирано ги следи законските прописи и други општи акти од областа на јавните набавки,

- во координација со надлежните сектори, учествува во подготовката на документацијата за јавните набавки;

- евидентира документи и учествува при следење на реализација во врска со склучени договори и други работи од областа на јавните набавки;

- помага при оформување на техничката документација, техничката спецификација и стандардите поврзани со јавните набавки;

- учествува при водење на грижа за примената на стандардите (македонски, европски, меѓународни) и технички атести;
- помага во објавување на оглас за јавни набавки
- помага во подготовката на годишниот план за јавни набавки;
- помага во ажурирање податоци кои согласно закон се доставуваат до Советот за јавни набавки,

- прибира податоци неопходни за подготовка на извештаите, анализите и информациите за јавните набавки;

**Посебни услови:**
- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1степен технички или економски факултет
- без работно искуство;
- други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети: работа со компјутери, способност за тимска работа и соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки .

**Број на извршители: 2**,.

Работните места со реден број 49-а, 49-б, 49-в и 49-г се менуваат и гласат: 49-б, 49-в, 49-г и 49-д.

**Член 5**

Во членот 5 во 3.Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште во точката 3в),,Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште,, работното место со реден број ,,74. електрична инсталација,, се менува и гласи:

,,74. **Назив на работното место**: **електрична инфраструктура**

**Звање**: помлад соработник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Вршење наједноставни рутински работи и задачи врз основа на конкретни упатства и насоки со постојан надзор и контрола на раководителот на Одделението, а кои се однесуваат на работи за изработка на

програми за одржување и модернизација на уличното осветлување и реализација на проекти од областа на електричната инфраструктура.

**Главни работни должности:**

- врши наједноставни работи врз основа на конкретни упатства и насоки, со постојан надзор и контрола од раководителот на одделението, а кои се однесуваат на подготвителни работи во врска со изготвувањето на стратегијата за електричната инфраструктура и нејзина реализација;
- прибира податоци неопходни за следење на состобата со електричната мрежа и опремата за улично осветлување , како и помагање во евидентирање и спроведување на активности во одржување на истата,
- учествува во реализацијата на проекти поврзани со електричната инфраструктура
- помага во координацијата при одржување на електричните инсталации на јавни објекти сопственост на општината Битола,
- помага во изработка и реализација на програми и проекти од областа на енергетската ефикасност,
- ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на одделението

**Посебни услови**:

- со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен –
- Технички факултет – насока електротехника
- Без работно искуство
- други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајки и лични квалитети: -работа со компјутери; способност за тимска работа;

**Број на извршители: 1,,**

**Член 6**

Во членот 5 во 4.Сектор за економски развој , јавни дејности и информатичка технологија , 4а),,Одделение за економски развој после работното место со реден број ,,81. општински инвестициски фонд ,, се додава ново работно место со реден број ,,81а,, кое гласи:

,,81а. **Назив на работното место**: **<u>електрична инфраструктура во проектите за економски развој</u>**

**Звање**: помлад соработник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Вршење наједноставни работи врз основа на конкретни упатства и насоки со постојан надзор и контрола на раководителот на Одделението, а кои се однесуваат на работи од областа на електричната инфраструктура во проектите од надлежност на одделението.

**Главни работни должности:**

- ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и од надлежност на одделението
- врши наједноставни работи врз основа на конкретни упатства и насоки, со постојан надзор и контрола од раководителот на одделението, а кои се однесуваат на подготвителни работи во врска електричната инфраструктура во проектите за економски развој.
- прибира податоци за усогласување на проектите согласно барањата за исполнување на енергетска ефикасност
- прибира податоци и ја следи состобата со електричната мрежа и опремата за улично осветлување , од аспект на вградување во проекти за нејзино подобрување, осовременување, заштеда на енергија,
- учествува во реализацијата на проекти поврзани со електричната инфраструктура
- активно учествува во изработка и реализација на програми и проекти од областа на енергетската ефикасност,
- ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на одделението .

**Посебни услови**:

- со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен –
- Технички факултет – насока електротехника
- Без работно искуство
- други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајки и лични квалитети: -работа со компјутери; способност за тимска работа;

**Број на извршители: 1,,**

**Член 7**

Во член 5. во 5.Сектор - Општински инспекторат, 5а. Одделение за комунална инспекција и инспекција за животната средина,, после работното место „92. Овластен инспектор за животна средина,, се додава ново работно место „92а,, кое гласи:

**„92. а Назив на работното место**: **<u>организациска и административна поддршка на комуналните инспектори</u>**

**Звање**: Помлад соработник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Вршење наједноставни работи врз основа на конкретни упатства и насоки, со постојан надзор и контрола на раководителот на Одделението, а кои се однесуваат на организациска и административна поддршка во спроведување на прописите за јавна чистота и комунален ред .

**Главни работни должности:**

- ги следи законските и подзаконски акти од надлежност на одделението од областа на комуналните дејности , јавната чистота и комуналниот ред,

- помага во средување и чување на документацијата од надлежност на одделението
- помага во подготвителни работи и задачи кои се однесуваат на организацијата на работата на одделението
- помага во прибирање на податоци и информации потребни при изготвување на стручни анализи од надлежност на одделението,
- помага во подготвување и проучување материјали за состаноци од надлежност на одделението и помага во изготвување на мислења и белешки по истите
- прибира податоци , информации и материјали кои се потребни при изготвување на планот за работа на одделението,

**Посебни услови**:

- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – факултет за биотехнички науки
- без работно искуство
- други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајќи и лични квалитети:работа со компјутери; способност за тимска работа;

**Број на извршители:** 1„

**Член 8**

Во член 5. во 5.Сектор - Општински инспекторат, 5а. Одделение за комунална инспекција и инспекција за животната средина„ во работнотоместо под реден број 94-Технички секретар во инспекција во делот на број на извршители бројот „1„ се заменува со бројот „2„.

**Член 9**

Во членот 5 во 8.Територијална противпожарна единица Битола во работното место со реден број 114 Командир на ТППЕ Битола во посебните услови после зборовите „VI/1ВШС од техничка насока или„ се додаваат зборовите „ стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или„ .

**Член 10**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот и тоа:

**1. Б. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ**

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на извршители | Вид и степен на образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 8в | Организирање и координирање на архивско работење | Помлад соработник | 1 | - Општествени науки-оргнизациони науки и управување (менаџмент) со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>-работа со компјутери;<br>-способност за тимска работа | Без работно искуство |

## 1. В. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИМОТ И ИМОТНО –ПРАВНИ РАБОТИ

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на извршители | Вид и степен на образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 21ѓ | Недвижен имот | Помлад соработник | 1 | - Правен факултет-правни науки со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>-работа со компјутери;<br>-способност за тимска работа | Без работно искуство |

## 2. В ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АДМИНИСТРИРАЊЕ НА ПРИХОДИ

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на извршители | Вид и степен На образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 39б | Организирациска и административна подршка во администрирањето со приходите | Помлад соработник | 1 | - Педагошки факултет со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>-работа со компјутери;<br>-способност за тимска работа | Без работно искуство |

## 2 Г ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на извршители | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 49а | Техничка документација | Помлад соработник | 2 | - Технички или економски факултет со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>-работа со компјутери;<br>-способност за тимска работа и соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки | Без работно искуство |

## 2 Д ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КОНТРОЛА

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на Извршители | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 49 б. | Раководител на одделение за буџетска контрола | Раководител на одделение | 1 | Стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Економски факултет | Најмалку 4 години во струката од кои 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | работа со компјутер<br>Раководни организациски способности<br>Способност за тимска работа<br>Способност за решавање на конфликти | година во државната служба |
| 49 в | Изготвување на извештаи | Советник | 1 | Стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1ВСС Економски Факултет,<br>работа со компјутер<br>способност за тимска работа<br>Способност за решавање на конфликти | Најмалку 3 г. во струката |
| 49 г | Подготовка на материјали и документи за буџетска контрола | Виш соработник | 1 | Стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Економски факултет<br>работа со компјутер<br>Способност за тимска работа<br>Способност за решавање на конфликти | Најмалку 2 г. во струката |
| 49 д. | Наменски и блок дотации | Референт | 2 | Со завршен IV степен средно економско училиште<br>работа со компјутер<br>Способност за тимска работа | Најмалку 1 г во струката |

## 3В ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на извршители | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 74 | Електрична инфраструктура | Помлад соработник | 1 | - Технички факултет-насока електротехника со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>-работа со компјутери; | Без работно искуство |
| | | | | -способност за тимска работа | |

**4 А. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

| **Р.бр.** | **Назив на работното место** | **Звање** | **Бр. на извршители** | **Вид и степен На образование** | **Работно Искуство** |
|---|---|---|---|---|---|
| 81 а | Електрична инфраструктура во Проектите за економски развој | Помлад соработник | 1 | - Технички факултет-насока електротехника со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>-работа со компјутери;<br>-способност за тимска работа | Без работно искуство |

**5.А. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА И ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

| **Р.бр.** | **Назив на работното место** | **Звање** | **Бр. На извршители** | **Вид и степен на образование** | **Работно Искуство** |
|---|---|---|---|---|---|
| 92 а. | Организирациска и административна подршка на комуналните инспектори | Помлад соработник | 1 | - Факултет за биотехнички науки со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>-работа со компјутери;<br>-способност за тимска работа | Без работно искуство |
| 94 | Технички секретар во инспекција | Референт | 2 | IV ССС<br>работа со компјутер | Најмалку 1 г. во струката |

***8. ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИПОЖАРНА ЕДИНИЦА БИТОЛА***

| ***Ред. Бр.*** | ***Назив на работно место*** | ***Број на изврши-тели*** | ***Вид и степен на Образование*** | ***Работно Искуство*** |
|---|---|---|---|---|
| *114* | *Командир на ТППЕ Битола* | *1* | *VI/ 1 ВШС од техничка насока или стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или VII/1 ВСС од техничка насока*<br>*Здравствено и психофизчки да е здрав што утврдува посебна комисија* | *2 г* |

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола" а ќе се објави и применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за администрација.

**Бр.01-09/1**
13.12.2014.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
д-р Владимир Талески

# ИСПРАВКА

на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Трново во идна урбанистичко планска документација

Се врши исправка на Одлуката бр.07-36/29 од 10.11.2014 година, објавена во „Службен Гласник на општината Битола“ бр.14/2014 од 13.11.2014 година, на начин што НАМЕСТО:

КП бр..447 КО Трново

**ТРЕБА ДА СТОИ:**

**КП бр.477 КО Трново**

Се Друго во Одлуката останува како што е наведено во неа.

Бр.07-__/
__.__.____ год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

## С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈП „Комуналец“ Битола за 2015 година ........ 501

З А К Л У Ч О К за усвојување Финансовата програма за одржување на јавните зелени површини на подрачјето на Општината Битола во 2015 година ........ 502

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“ Битола заради организирање на подружница со седиште на ул. „Бул. 1-ви Мај“ бр. 154-а ........ 503

О Д Л У К А за склучување на договори на Општина Битола со КЛП „Нискоградба“ Битола за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Битола со примена на член 10-а од ЗЈН ........ 504

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Ценовникот за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општината Битола за 2014/2015 година на КЛП „Нискоградба“ Битола ........ 504

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈП „Пазари“ Битола за 2015 година. 506

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈКП „Водовод“ Битола за 2015 година ........ 506

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈП „Жабени“ Битола за 2015 година 507

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за работа на ОЈУ „Зоолошка градина“ Битола за 2015 година ........ 507

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за работа на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола за 2015 година ........ 508

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата на Општината Битола за финансирање на културата во 2015 год. ........ 508

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за активностите во областа на спортот на подрачјето на Општината Битола за 2015 година ........ 508

П Р О Г Р А М А за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2015 год. ........ 509

П Р О Г Р А М А за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2015год. ........ 524

П Р О Г Р А М А за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2015год. ........ 525

П Р О Г Р А М А за работата на Комисијата за еднакви можности 2015 при Советот на Општината Битола ........ 527

П Р О Г Р А М А за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2015 ........ 528

П Р О Г Р А М А за економски развој во Општина Битола за 2015 год. ........ 533

П Р О Г Р А М А за управување со комунален и друг вид на неопасен отпад (2014-2016) ........ 536

З А К Л У Ч О К за симнување на точка од дневен ред ........ 542

П Р О Г Р А М А на Општина Битола за финансисрање на туризмот за 2015-2017 „Битола, атрактивна туристичка дестинација“ 543

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за работа на Општинската организација на Црвен крст Битола за 2015 година ........ 545

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за заштита на потрошувачите на Општина Битола за периодот 2015-2016 ........ 546

З А К Л У Ч О К за усвојување Процената на загрозеноста на подрачјето на Општината Битола од сите ризици и опасности ........ 546

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг-Битола ........ 547

О Д Л У К А за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2015 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини ........ 548

О Д Л У К А за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2015 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини . 549

О Д Л У К А за прифаќање на пренесување на недвижен имот без надоместок во сопственост на општина Битола ........ 551

ОДЛУКА за измена на Одлуката за определување на имиња на улици во Општина Битола ........ 552

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Стопански комплекс м.в. „Кутлишта“ КО Буково – Општина Битола ........ 552

О Д Л У К А за донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА Бр. 1, Модул 1, Блок 1 - Битола ........ 553

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Брусник во идна урбанистичко планска документација ........ 554

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект изграден во КО Кременица во идна урбанистичко планска документација ........ 555

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Раштани во идна урбанистичко планска документација ........ 555

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправниот објект во идна урбанистичко планска документација ........ 556

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправниот објект во идна урбанистичко планска документација ........ 557

О Д Л У К А за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар ........ 557

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на услугите што ги дава Јавната Установа „Мајски Цвет“ Битола и износот на надоместокот на трошоците за престој во Установата што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на Установата ........ 558

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на КЈП „Нискоградба“-Битола ........ 559

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП „Водовод“-Битола ........ 559

Р Е Ш Е Н И Е За давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Комуналец“ - Битола ........ 560

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Пазари“ - Битола ........ 560

Р Е Ш Е Н И Е За давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Жабени“-Битола ........ 561

Р Е Ш Е Н И Е за избор на членови во Совет на млади на Општината Битола ........ 562

О Д Л У К А за донесување на ДУП за Реонски СРЦ „Довлеџик“ Блок 1 - Општина Битола ........ 562

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Мајски цвет“ Битола ........ 564

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Општинска јавна установа „Зоолошка градина“ Битола ........ 565

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на Општинска јавна установа „Зоолошка градина“ Битола ........ 566

О Д Л У К А за неврешење избор на Директор на комунално јавно претпријатие „Нискоградба“ Битола ........ 567

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Основно училиште „Св. Климент Охридски“ Битола ........ 568

П Р А В И Л Н И К за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Битола ........ 569

И С П Р А В К А ........ 581

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**
Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211